Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација
Бр. 14-985/19
27.08.2021 год.
Скопје

# Записник од продолжението на 32-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / E pranuar: 27.08.2021
Орг. Един. / Nj. org.: 14 | Број / Numër: 985 | Прилог / Shtojcë: 19 | Вредност / Vlera:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online седница | | |
| **Датум** | 20.07.2021 година | **Време** | 10.00 – 11:30 часот |
| **Бр. на седница** | 32-ра седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Зоран Мурџев, Сашко Стојковски, Милан Николовски и Николче Мицкоски (независни експерти) | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, Мишко Талески, Ангел Симов и Владимир Радосављевиќ (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог записникот од седницата одржана на 01.07.2021 година;
2. Мислење на НКБК по предлог Информацијата до Влада за обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површини (согласно Програмата за работа на Владата за 2021 година), со Предлог заклучоци;
3. Дискусија во врска со дефинирањето на централните точки во бели/сиви зони, утврдување на целните зони, нивно поставување на ГИС платформа итн;
4. Разно.

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 32-та редовна online седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Буковалов даде предлог дискусијата за третата точка да се помести на некоја од наредните седници, од причина што за истата е потребно присуство од страна на претставник на ЈП МРД. Предлогот беше прифатен од страна на членовите на НКБК.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 31-та седница, одржана на 01.07.2021 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, се дискутираше за Информацијата до Владата за обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површина, Претседателот на телото - Буковалов, истакна дека текстот на Информацијата е подготвен од страна на Секторот за комуникации и дека при неговата изработка се земени предвид релевантни документи, и тоа: Програмата за работа на Владата за периодот 2020-2024, Националниот оперативен бродбенд план, Надлежностите на ЈП МРД согласно Законот за основање на ЈП МРД, Препораки на НКБК за обезбедување бесплатен државен WiFi и сл.

Членот на НКБК, Анастас Мишев, укажа на потребата да се направат одредени допрецизирања во текстот на Информацијата (на пример: да стои терминот "рамка на технички карактеристики" на безжичните WiFi точки, потребата од обезбедување роаминг помеѓу WiFi точките да се дискутира на јавните состаноци со операторите, итн).

Независниот експерт Сашо Стојковски истакна дека цената на чинење и времетраењето за поставување на WiFi точките (со одредени технички карактеристики) на одредена локација ќе зависи најмногу од веќе инсталираната опрема/мрежа на операторите во таа област. Исто така, тој информира дека во Македонски Телеком во фаза е разработка на проект Скопје Смарт сити, со кој проект е предвидена инсталација на одредени WiFi точки.

**Заклучок**

НКБК даде позитивно мислење за Информацијата за обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површини (согласно Програмата за работа на Владата за 2021 година), со Предлог заклучоци, со прифатените две забелешки предложени од членот Анастас Мишев

**За третата точка од дневниот ред,**

НКБК одлучи дискусијата во врска со дефинирањето на централните точки во бели/сиви зони, утврдување на целните зони, нивно поставување на ГИС платформа итн. да се помести за наредна седница на НКБК, заради отсуство на претставници на ЈП МРД на седницата.

**За четвртата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно„ Славица Настеска истакна дека до денешен ден Европската Унија се уште го нема објавено најновиот извештај за ДЕСИ индикаторите поради промена на методологијата, и дека истата се пролонгира за на есен.

Исто така таа истакна дека во однос на јавната расправа за Националната ИКТ стратегија, НКБК веќе има доставено свое мислење со забелешки.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________